# Митските претстави за светот на мртвите во традиционалната култура на Македонците

*Љупчо С. Ристески*

*The author discusses the mythical presentations about the existence of two autonomous, different and opposing realities - this world and that world - the first of which is always marked as "ours" and human, and the second one as a strange and a distant world of demoniac creatures.*

Митските претстави за постоењето на две автономни, различни и спротивставени реалности - овој и оној свет, од кои првиот секогаш е означен како наш - човечки, а другиот туѓ - демонски, далечен, претставуваат најзначајни и определувачки категории за вкупното структуирање и функционирање на традиционалните култури.[1]

Разликите и растојанијата помеѓу нив се огромни, тешко премостиви, но не и невозможни. За остварување на комуникациските односи меѓу овие две реалности коишто истовремено постојат, но на две различни егзистенцијални нивоа, постојат низа обредни предуслови и услови што претходно треба да се исполнат.

Во фокусот на интересирањата за оваа прилика ќе биде истражувањето на таа "друга" реалност, на тој свет, или поточно еден негов сегмент ***- светот на мртвите, односно заедницата на мртвите предци -*** кој според својата важност за традиционалните култури секогаш го има приматот.

### Што после настапувањето на смртта?

Во народните претстави на Македонците, освен тоа што смртта е претставена како жена со демонски особини или како демонско суштество, мошне широко распространети се идеите за смртта како ***чин, состојба или поточно процес на преминување на мртвиот, односно неговата душа од светот на живите во светот на мртвите, од едно на друго егзистенцијално ниво меѓу другите блиски мртви членови - предци - на заедницата.***

Смртта е состојба на сон, мирно спиење, престанување на активностите на човечкиот организам. Особено значење во изградувањето на народните претстави

[1] Танас Вражиновски, Кшиштоф Вроцлавски, *Оној и овој свет во некои современи македонски и полски митски преданија* // Македонски Фолклор (МФ), Год. XIX, бр. 37, Скопје, 1986, 29-37. (Заради обемноста на литературата, во цитатите внесени се само статиите и публикациите што се однесуваат исклучиво на Македонија, а се поврзани со светот на мртвите).

STUDIA MYTHOLOGICA SLAVICA I • 1998, 243 - 257

за смртта како сон, имаат претставите за поврзаноста на активноста на човекот со постоењето на определувачката животна категорија - ***душата*** - без чиешто присуство човечкото тело останува безживотно. Тоа се случува како во моменти на спиење, особено во моментите на сонување кога душата го напушта телото и слободно шета како низ нашиот свет, така и низ другата реалност - митскиот свет на демонски суштества, остварувајќи притоа значајни контакти со нив.

"Така старите ја претставуваја УМИРАЧКАТА - КАКО СОН! Ќе легниш и ќе заспијеш, ништо не можеш. Се здрвил чоеко. Така старите ја претставува́ја УМИРАЧКАТА. Како сон. Ќе легниш и ќе заспиеш, ништо не можеш, се здрвил чоеко. Тоа е ГОЛЕМИОТ СОН. ВЕЧНИОТ..." [2]

Но смртта го означува моментот кога душата конечно ќе го напушти телото или кога заради ред причини нема да успее повторно да се врати во него.

Од друга страна, пак, според употребата на јазичните форми во македонските народни говори за чинот на умирањето како: ***си премина, си замина, помина́ си, отиде човекот*** - јасно може да се согледа дека смртта е означена како чин односно состојба на "испраќање", поточно почеток на еден подолготраен процес на "патување" на душата на умрениот член на заедницата кон останатите мртви членови во нивната заедница.[3]

Во традиционални услови процесот на преминување на мртвиот член на заедницата обично завршува со крајот на интензивната обредна активност во текот на една година. Но и оваа фаза, според интензитетот на обредните делувања се состои од неколку подфази, од кои најзначајна е онаа до четириесеттиот ден - кога душата конечно го напушта светот и заедницата на живите и се упатува кон заедницата на мртвите, минувајќи низ долготрајни лутања, проверки низ Страшниот Суд за дури на крајот од таа една година да биде конечно интегрирана или не во заедницата на мртвите предци - заштитници на живите.

**Зошто умрениот треба веднаш да се "испрати" бо светот на мртвите?**

Смртта како категорија и како појава е потполно опасна за живите членови на заедницата. Таа ги прави луѓето безживотни, јалова е, а најопасно од сé - таа е пренослива. (Затоа, во моментите на директен контакт со мртовецот, живите преземаат низа магиско - обредни активности за заштита од преносното негативно влијание на смртта. Кај мртовецот одат намачкани со лук, катран, држат во устата трнче, не го гледаат во лицето и очите, не му го спомнуваат името и сл.) Значи блискиот сродник и член на заедницата на живите, веднаш после настапувањето на смртта станува опасен, непожелен за заедницата на живите. Тој веќе категоријално не припаѓа на светот на живите. Ако мртовецот, додека бил жив бил домаќин, бериќетлија, "дарлија" (имал особен дар) - треба обредно да се изврши разлачување на двата принципи што во тие моменти ги поседува, и притоа да се издвојат добриот

[2] Архив на Институтот за старословенска култура - Прилеп, (понатаму АИСК), Инв.бр. К-54/1996. Снимено во 1996 година во Прилеп.

[3] Наталия Велецкая, *Языческие представления о смерти у славян*, МФ, Год. VII, бр. 14, Скопје, 1974, 37-55.

од лошиот, позитивниот од негативниот, животниот од смртоносниот принцип. Првиот - живите да го задржат како особено продуктивен и значаен за натамошниот опстанок на заедницата на живите, а вториот во најкус рок да го испратат со умрениот. Тоа подразбира богат и сложен обреден комплекс исполнет со магиски делувања, кои се од најголемо значење за натамошното преминување на душата кон светот на мртвите. Непотполноста на обредното делување, неадекватната употреба на обредните реквизити можат да доведат до проблеми во процесот на премин.

**Дали сите мртви членови стигнуваат во светот на умрените?**

После настапувањето на смрт на некој член на социјалната заедница, тој престанува да биде рамноправен член на заедницата на живите, се наоѓа во една особена состојба, маргинална според своите особености. ***Пресниот мртовец*** од тој момент станува ***сомнителен*** - и заради тоа преземањето на вкупниот посмртен обреден комплекс и сите магиски делувања околу него имаат единствена цел - ***сомнителниот мртовец во период од една обредна година успешно да се спроведе во заедницата на умрените членови, во светот на мртвите - со што мртовецот ќе стане чист - односно интегриран предок - заштитник на заедницата на живите.***

Од друга страна, пак, неисполнувањето на обредните активности или употребата на несоодветни обредно - магиски реквизити или грешки на обредните актери може да доведат до неисполнување, односно неспроведување на сомнителниот мртовец во светот на мртвите. Таквите умрени, поточно нивните души стануваат ***нечисти мртовци,*** останувајќи на маргините, меѓу светот на живите и светот на мртвите, "на оној свет", нарушувајќи ги често вообичаените односи меѓу живите. ***Нечистите мртовци*** претворајќи се во некои од добро познатите демонски суштества (***нави*** - настануваат од душите на некрстените деца, ***вампири*** - од душите на луѓето што се повампириле, ***караконџоли*** - од душите на луѓе со предиспозиции да се повампират, но само до 40-тиот ден од смртта, ***самовили*** - од душите на млади моми што се самоубиле, удавиле, ***јуди*** - демонски суштества од моми што се удавиле (Западна Македонија), ***душите на самоубиените, удавените*** - како демонски суштества со неиздиференцирани карактеристики) - остануваат вечно неинтегрирани, надвор од заедницата на мртвите, ни ваму - ни таму, континуирано нарушувајќи ги односите и хармонијата во заедницата на живите.

"... Ама коа влегу́ (во светот на мртвите -на сон. Заб. Q.P.) јас, едно чупе и машко променéти стоéја на вратата (пред влезот во светот на мртвите - заб. Q.P.). И јас му вела:

- Оти вие така сами стојте?

*- Оти ние* ***сами си напрајвме смрт****. Не нé пушча́јат да влезиме.* Овде си седиме није. Си стоеме."[4]

Затоа најзначајно од сé, при испраќањето на мртовецот е преземањето на потполна обредно - магиска активност во вистинско време, со вистински обредни

[4] АИСК, Инв.бр. К-41/1995. Снимено во 1995 година во Прилеп, Македонија.

реквизити и од страна на вистински обредни актери. Доколку тоа не се оствари, особено за мртовците за коишто заедницата претходно веќе знае дека имаат одредени предиспозиции да не ја поминат успешно фазата на премин, да останат нечисти, особено се обрнува внимание и се изврши потполно интензивно обредно делување. Како што периодот на адаптација и интеграција на пресните мртовци поминува, така и интензитетот на обредните активности опаѓа, особено после завршувањето на првата 40-дневна потфаза. Сепак, обредната и социјална заедница смета дека со истекувањето на една обредна година во основа треба да биде завршен, и тоа успешно, процесот на премин на мртовецот во заедницата на мртвите, при што, обредите натаму добиваат постојано и вообичаено темпо на континуирано обезбедување на сите потрепштини за успешно егзистирање на заедницата на мртвите предци коишто ја играат улогата на заштитници на живите.

## Каков е и каде се наоѓа светот на мртвите?

Во македонската етнолошка литература не е пишувано доволно за расветлување на проблемите сврзани со традиционалните претстави поврзани со смртта, особено на оние што се однесуваат кон основните поставки за согледувањето на ***митскиот Свет*** во чиишто рамки се наоѓа една друга реалност, друг свет, означен со знакот на туѓото, “оној свет” - во чиишто рамки постои и ***светот на мртвите.***[5]

Веднаш треба да се напомене дека традисицките народни претстави на Македонците треба да се согледуваат во поширокиот културно - историски контекст на Балканот, имајќи ги предвид, како културното наследство на балканските култури што егзистирале и пренеле значајни културни вредности и во традиционалните претстави на Македонците, така и на словенската културна традиција. Притоа не смее да се пренебрегне влијанието на христијанската црквена традиција, која уште од своите корени добива свој особен развој во смисла на народно христијанство - низ кое до денес, под закрилата на таа традисија се вкомпонирале, развивале и опстојале значајни вредности на минатите култури, архаични митски претстави, култови коишто, не треба да заборавиме, функционираат како христијански.

Во таа смисла, особено интересни се архаичните претстави за смртта, светот на мртвите, заедницата на мртвите предци, коишто сé уште можат да се забележат при обидите на реконструирање на одредени митски претстави или категории на крајот на XX век во разни краишта на Македонија.

Уште на почетокот треба да се истакне дека како резултат на претходно изнесеното, не може да се претпостави презентирање на една унифицирана и единствена слика или модел на светот на мртвите. Сепак, можат да се издвојат определувачки митски кодови кои во рамките на “читањето”на митските текстови можат да ги откријат основните карактеристики и функционирањето на позначајните конституенти и на светот на мртвите, се разбира, согласно на функционирањето на вкупниот митски Свет.

---

[5] Љупчо С. Ристески, *Посмртни обредни комплекс у традицијској култури Мариова*, Магистерска тема одбранета во 1997 година на Универзитетот во Белград, 5-312 (ракопис).

***"Отворéте тешки порти***,
пречекајте Вилан човек, иде,
али татко, али мајка - примнете го!
**Да не оде по темни сокáци,**
**Да не шета по тесни улúци,**
**Да го прибéрите,**
**Да му отворúте тешки врати,**
***И него кај вас да го приберúте***!"[6]

*Светот на мртвите е и далечен и близок*

Далечен е светот на мртвите зашто тој им припаѓа само ним - на мртвите, зашто може да се биде или само мртов или само жив. "Кој таму отишол, никогаш поторно не се вратил", "Од таму нема враќање".

Една од најзначајните митски категории што се појавува низ сите варијанти на претставите е ***оддалеченоста.*** Таа секогаш е огромна зашто светот на мртвите се наоѓа "преку сите морињa", "на крајот на светот", "преку девет планини, девет морињa", "под земја", "на небо". Особено значајно за далечината како митски код е тоа што таа е изразена не само просторно, туку уште повеќе симболички.

Меѓутоа, она што сепак ги разделува овие две реалности е ***границата*** - секогаш мошне јасно претставена, поставена реска, тешко премостива но не и несовладлива. Токму затоа, комуникацијата меѓу световите не само што е можна, туку е и неопходна и тоа како взаемна. Потребите и зависноста еден од друг - ги прави овие два света ***блиски.*** Но близината, притоа, не подразбира бришење на границите и меѓусебно контаминирање на световите, туку само нивно времено нарушување, доближување на симболичките простори низ строго утврдениот медијатор на обредно - магиски делувања, за кои подетално ќе стане збор подосна.

Претставите за светот на мртвите под земјата, како подземно царство или на небото како царство небеско, можат да се корелираат со развојот на митските претстави поврзани со сфаќањата за душата и телото, коишто (претставите) особено можат да се огледаат и следат низ историјата како според пишаните, уште повеќе според археолошките наоди за начините на погребување. Тоа особено се однесува за словенската народна традиција низ којашто може да се согледа постоењето, главно, на два начини на погребување на покојниците - со спалување и инхумирање. При тоа, според наодите, спалувањето претходело на инхумацијата, но во одреден период истовремено егзистираат и двата начини на погребување како резултат на развојот на претставите по однос на душата и нејзиното заминување во царството на мртвите. Заклучувањата на Рибаков покажуваат дека начинот на погребување резултирал според развојот на идеите и претставите за местоположбата на светот на мртвите.[7] Во обредите на спалување на покојниците, заедно со посмртниот оган и чад, душата на мртвиот се упатувала кон царството небеско. Меѓутоа, можеби уште во тој период, паралелно егзистирала и идејата за заминувањето на покојникот во подземното

---

[6] АИСК, Инв.бр. К-49/1995. Снимено во 1995 година во Мариово, Македонија.
[7] Рыбаков, А. *Язычество древних славян,* Наука, Москва, 1981, 118.

царство, според тоа што посмртните останки биле закопувани во земјата, а гробот останувал единствениот простор преку кој блиските можеле да контактираат со мртвите. Овие податоци ги истакнуваме тука, заради фактот што до денешни дни во народните претстави сé уште се забележува таа поделеност за местоположбата на светот на мртвите. Можеби подецидни се претставите и податоците на информаторите кога при раскажувањата тие ги имаат предвид идеите за останувањето на телото во земјата, на гробиштата и заминувањето на слободната душа на небото. Тоа се разбира, денес се јавува во мошне развиена и христијанизирана форма.

Според изнесените податоци, може да се заклучи дека народниот светоглед на Македонците за структурата на митскиот Свет, како и на многу други народи, има ***трипартитна структура: Горна, Долна и Средна Земја.*** Светот на мртвите со оглед на горespоменатата културна и историска испреплетеност, најчесто е лоциран на ***Долната Земја***.[8] Но, царството на мртвите, особено на душите се наоѓа и на ***Горната Земја,*** при Бога. Имајќи ги на ум народните претстави, симболиката, карактеристиките и функциите на Долната и Горната Земја - честопати голем број на митологеми укажуваат на нивната блискост и поврзаност, што од друга страна, јасно ги диференцира и двете од Средната Земја - човечката.

Постои уште една значајна особена митологема за светот на мртвите - ***неиздиференцираноста.*** Иако како категорија е доста блиска до оддалеченоста, сепак неиздиференцираноста има силна симболичка оптовареност, што не конотира само просторна неодреденост, туку повеќе треба да означува недостапност, неосвоивост, зголемувајќи ја со тоа инфериорноста на живите во однос на смртта. Таквиот однос на луѓето се огледа при користењето на термини што го определуваат светот на мртвите со мошне истакнато еуфемистичко значење - “таму”, “на тој свет”, на тој век”, но најповеќе при обраќањето на тажачката до мртвиот во моментите на обредно тажење, особено при излегувањето од маргиналната состојба во моментот на обреден контакт со мртвите при тажењето.

Митологемата ***бесмртност*** - е уште една особеност на светот на мртвите. Мртвите предци остануваат вечно да живеат задржувајќи ги личните карактеристики што ги поседувале во моментот на смртта. Поголемиот број народни претстави донесуваат низа податоци коишто го потврдуваат тоа. На Долната Земја - најчестиот синоним за светот на мртвите е дека луѓето се долговечни, живеат по 200 - 300 години. Таму живеат најстарите орли на светот, ***бесмртните орли*** - чиешто месо имало особена обредна употреба во Мариово, во обредите сврзани со раѓањето. Новороденчињата биле заранувани со месо од орел - за да бидат долговечни. “Вој заранет од орел бил”. На Долната Земја се наоѓа ***бесмртната вода*** или уште позната како ***жива вода*** - што митските јунаци ја пиеле - а до денес се овенчани со вечност.

Верувајќи дека во светот на умрените владее ***вечен мрак,*** во традиционалната култура на Македонците, се практикува обредно изнесување на тешко болните луѓе надвор, со сел да се “простат со белото видело” како најзначајна опозиција на она што ги чека после смртта. Во смртниот час, особено ако човекот не е при свест му се пали свеќа во расете “да оде со видéло на Бога”, “дури умира да му свете”, “да му го осветлат патот”.

---

[8] Веселин Чајкановић, *Доњи свет код старих* // Мит и религија у Срба, Српска књижевна задруга, Београд, 1973, 80-81.

Меѓутоа светлоста што покојникот ја “носи” со себе не е доволна и не може да потрае долго, затоа, блиските живи членови од моментот на смртта палат свеќи “да им светат на умрените”. Во некои краишта на Македонија со таква цел се спроведувала мошне архаична обредна пракса на “прекопување” на гробовите на покојниците и нивно повторно погребување откако е спроведено детално и обредно делување, со цел, уште еднаш покојникот да “виде бело видѐло”. Тоа особено се практикувало заради “проверување и следење” на процесот на интеграција на мртовецот во заедницата на останатите предци, особено ако обредната заедница претпоставува дека тој процес запрел или неуспешно се реализирал.

Некои од истражувачите на словенската културна традиција, претставите што денес најчесто се определуваат како христијански, во однос на глобалната структура на светот на мртвите на ***рај и пекол,*** ги определуваат како претхристијански.[9] За етнографските податоци што се однесуваат на овие претстави би рекле дека се мошне раширени и христијанизирани форми. Тргнувајќи од податоците за светот на мртвите на кнегињата Олга додека го погребуваат нејзиниот сопруг, па сѐ до современите етнографки податоци се среќаваме со глобалната поделба на овој свет на рај и пекол. По поминувањето на Страшниот Суд и проверката на гревовите, душите на мртвите се упатуваат или кон рајот, во светна градина, зеленило, вечна убавина[10] или кон пеколот, “кај шо врти жешкото”, “во устата на ламјата”.

“Ко ја занеле таму горе, кај шо ошла, младите сете биле одделени, ***сето свекиња, убави́ни, се тоа погодéно - дворииштето***, а старите - вика, на старо место кладéни. А ако некој крадел, ако некој лажел, на ***влакно*** вика, ќе помине и долу во ***пеколот*** паѓал. Кој крадел, кој лажел, кој тепал, колел, во пеколот - вари.”[11]

### Постои ли можност за комуникација меѓу светот на живите и светот на мртвите?

Ако според митските претстави на луѓето заклучивме дека светот на живите и светот на мртвите се два различни, опозиционо поставени, далечни но и блиски светови, разделени и омеѓени со јасна и реска граница - се поставува есенцијалното прашање за можностите за воспоставување на комуникација меѓу нив, што има особено взаемно значење.

Тргнувајќи од логиката на современиот човек, но се надевам и според логиката на луѓето во минатото, сметам дека е оправдано и човечно чувството и потребата во одредени моменти да се биде во близина на своите блиски, иако умрени, или барем на кусо да се воспостави некаков контакт со нив. Спрема тоа, митските претстави, верувањата и обредноста покажуваат дека комуникасијата меѓу овие два света не само што е возможна, туку е и неопходна заради успешно егзистирање на двете заедници, на митско ниво, а особено за функционирањето на заедницата на живите како социјална, сродничка, па дури и како етно - политичка заедница. Зашто, еден

---

[9] Наталия Велеская, *Языческие представления о заграбной жизни и рудименти их в славянской народной традиции*, // МФ, Год. II, бр. 3-4, Скопје, 1969, 317. Иста, *Языческие представления о смерти у слвян*, // МФ, Год. VII, бр. 14, Скопје, 1974, 46.

[10] Стеван Тановић, *Српски народни обичаји у Ђевђелијској Кази* // СКА, Српски Етнографски Зборник, књ. 40, Живот и обичаји народни, књ. 16, Неоград, 1927, 259.

[11] АИСК, Инв.бр. К-54/1996. Снимено во 1996 година во Прилеп, Македонија.

од најзначајните елементи на структурата на идентитетот на ентитетите, особено на заедниците, претставува одржувањето на изграден митски, култен и обреден систем со светот на мртвите предци. Свртувајќи се кон минатотото и историјата на своите предци - заедницата настојува да ја обезбеди својата иднина.

Од друга страна, пак, фактот дека смртта и нејзината магиска преносливост можат фатално да се одразат врз живите, предизвикува особена претпазливост и чувство на плашливост, што пак, од своја страна, резултура преку структуирано делување на заедницата, со изграден обреден систем, под строго утврдени обредни правила да се обезбеди несметано остварување на чинот на комуникасија со мртвите.

**Да се виде на границата меѓу светот на живите и светот на мртвите**

За да се стапи во било каков однос со светот на мртвите потребно е да се создадат низа обредни услови, пришто најзначајно е - ***обредниот актер*** да биде ставен во особена состојба, состојба што излегува од рамките на профаното, да се стави во состојба на маргиналност, ***да се ноѓа на границата меѓу живите и мртвите.*** Само во таков случај, обредните актери успеваат да ги доближат овие два митски, симболични света еден до друг, но никогаш не преминувајќи ги нивните граници, зашто во спротивно настанува состојба на смрт или за актерот во обредниот чин или до опасност за контаминасија на симболичкиот простор на живите.

Тоа би значело дека симболичката комуникација е јасно определена и дефинирана исклучиво во рамките на митскиот и обредно - симболичкиот простор на културата. Иако, за да ги елаборираме овие поставки е потребно повеќе време и простор, за оваа прилика ќе се обидеме само да ги предочиме основните чинители за успешна комуникасија меѓу световите.

*Обредни актери*

Иако, можноста да се воспостави контакт со мртвите ја имаат сите, особено блиските на мртвите, сепак во фазата што настапува веднаш после погребувањето на мртовецот со интензивна обредна активност, таа улога ја преземаат лица од подалечното социјално окружување (подалечни роднини, соседи) - превентирајќи против преносливоста на смртта на најблиските членови, пришто нивните обредни улоги добиваат особена симболичка и магиска конотасија. Најзначани обредни актери во посмртниот обреден циклус се ***месаријата*** или ***месарката*** (жена која ги извршува најзначајните обредни делувања поврзани со месењето на обредните лебови, од моментот на смртта, до завршувањето на обредниот циклус во период од една година, магиското"опсекување" на мртовецот и др.), ***водарката, полеварката (***жена што го полева гробот со вода наутро и навечер во период од 40 дена).

Во текот на целиот обреден циклус, особено во моментите на обредно делување, наоѓајќи се во особена обредна состојба на медијатори меѓу световите, овие актери претставуваат посебна категорија спрема кои останатите членови на заедницата имаат исклучителен однос.

Меѓутоа, веќе од периодот после погребувањето на мртовецот и домашните членови, блиски на мртовецот, можат да воспоставуваат низа на контакти со мртвите. Се разбира, тоа е возможно низ еден систем на однесувања или состојби.

Обредни состојби и однесувања

Веднаш после погребувањето на покојникот, на првото утро, познато како “прво утро”, “разбудок”, “третини”, “трети ден”, започнува циклусот на обредно поддржување на преоѓањето на душата на мртвиот од овој на оној свет. Притоа, најзначајни се обредните состојби коишто треба да придонесат за што поуспешни контакти со блиските мртви. Една од најзначајните обредни постапки претставува организирањето на обредните трпези, раздавањето на храната и дарувањето - што, се разбира сфатени, на симболично - комуникациско ниво претставуваат значаен чин на комуникација и размена на добра и вредности меѓу световите.

*Раздавање и дарување*

Уште од моментите кога со мртовецот при погребувањето треба да се испратат неопходните потрепштини во облека, храна, предмети од покуќнина, негови лични предмети - всушност започнува процесот на континуирана комуникација којашто, генерално, опфаќа само обредно ***давање.*** Имено, на симболичко ниво ***земањето, особено кога станува збор за контакти со умрените, конотира негативни последици по светот на живите.*** Тоа значи дека не е добро ниту умрените да земат нешто од живите, ниту пак живите да земат од умрените. Тоа не значи дека процесот на комуникација е еднонасочен, од светот на живите кон светот на мртвите, туку тоа значи дека чинот на комуникација преферира ***обредно давање, но не и обредно земање.*** Затоа, мошне добро и пожелно е низ чинот на комуникација секогаш ***да се дава,*** како живите на мртвите - така и мртвите на живите. Тоа особено се огледа низ развиениот систем на толкување на низа митски кодови коишто се изнесуваат низ визиите на луѓето, соништата, тажењето и сл.

Гореизнесеното, накусо, ќе го разјасneме според еден вообичаен обреден чин на ***раздавање и дарување*** на храна и облека на гробот на умрениот. Овој обреден чин се врши на гробиштата, ***преку*** гробот на умрениот, при што, обредниот актер, најблиската стара жена, стоејќи на десната страна на гробот, со својата десна нога врз него, ги дарува блиските со храна и дарови што всушност присутните ја донеле “за душа на умрениот”. Храната и пијалокот дарување ги каснуваат над гробот, а даровите ги добиваат на десното рамо.

На тој начин, даровите и храната што претходно ги беа донесле сите членови на селската заедница за умрениот, минувајќи низ рацете на главниот обреден протагонист - ***дарувани преку гробот*** - се воспоставува комуникација меѓу живите и мртвите, пришто тие стануваат ***дарови што доаѓаат од светот на мртвите, ги дава мртовецот, дарови исполенти со нова есенција и животворна моќ.***[12]

---

[12] Љупчо С. Ристески, *Gifts for dead - gifts for alive* // Зборник “Дарувањето - духовен континуитет на Балканот”, 1997, (во печат).

***Обредните трпези*** - на кои се принесува храна во чест на умрените, согледани на едно симболично - комуникациско ниво претставуваат можност за влегување во светот на сакралното, при што раздаваната ***храна претставува најважниот медијатор и трансмитор на информации и вредности меѓу световите.***[13]

**Тажењето** - претставува најсуштествената форма којашто и фактички и формално сите учесници во обредот ги става во една особена ситуација, посебно жените тажачки, кои во една состојба на исклученост од надворешниот свет воспоставуваат контакти со своите блиски мртви. Процесот на тажење може да потрае и подолго, повеќе и од половина час, доведувајќи се во состојба на исцрпеност, доколку некој друг човек, надвор од сферата на обредната состојба не ги "растресе", односно не се обиде повторно да ги врати во нормална состојба. Особено значајно притоа е да им се даде доволно време, тажачките при крајот на своето тажење, повторно да ги означат границите меѓу себе и мртвиот, да ги разделат световите, истакнувајќи ја симболичката оддалеченост и неиздиференцираност на просторот на мртвите, на нивниот свет со зборовите: "леле татче, леле ***од никаде***", леле Стојане, леле ***од никаде***", "мила сестро, мила ***од никаде".***

**Сонување**. Тргнувајќи од мошне раширените народни претстави дека сонувањето како состојба е мошне опасно, зашто во тие моменти душата го напушта тело на човекот со што го прави безживотно, притоа, остварува бројни контакти, кои особено во реалноста се неостварливи. Поради тоа сонувањето конотира состојба на маргиналност, светост, но и можност за контактирање со припадниците на световите што во митското мислење категоријално се определени како различни.

"Мили татче како не ти се нажали,
барем еднаш татче ***на сон да ми се јавиш,***
оти татче немаш друга ќерка..."[14]

Според основните митски кодови, кои можат да се ексцерпираат од богатиот етнографски и фолклорен материјал на Македонците, неколку основни митски кодови и категории имаат определувачко значење во толкувањето на соништата. Се разбира, овие кодови се структуирани и функционираат според глобалната шема на митскиот бинарен систем на Светот: ***горе - долу, близу - далеку, десно - лево, чисто - нечисто, светло - темно, суво - влажно, бистро - матно, свое - туѓо, давање - земање,*** и уште многу други.

Тука ќе наведеме само неколку примери од народниот соновник коишто укажуваат на насоките и квалитетите при воспоставувањето на непосредни контактите меѓу живите и мртвите членови на заедницата:

"Да се видиш со мртовец на сон, да зборцваш - да, арно е, ама да ти ***посака нешто, да ти побара - не е на арно."***[15]

---

[13] Љупчо С. Ристески, *Обредни трпези на помените и задушниците во народната религија на Македонците* // Етнолог, бр. 7-8, Скопје, 1997, 219-227.
[14] АИСК, Инв. бр. К-53/1995. Снимено во 1995 година во Мариово, Македонија.
[15] АИСК, Инв. бр. К-54/1996. Снимено во 1996 година во Мариово, Македонија.

“Мој’та мајка е умрéна. Вечерта дојде мој’та мајка (на сон), умрéна е таа, и ми веле: ‘ Ќе си го ***зема воа ѓезвето*** за ракúја да си вареме! - И ***ми го зеде! Другата ден, детето од здравос ми умре”.***[16]

“Тоа на сон, сон гледáла. На соне, кутрата кај умрените ја занéсле. Арно ама, после пак назад ја вратиле...

- Ко ќе те побараме, тогај ќе дојдиш. Назад...

...Поживеја таја печес (пет-шест) годúни од тогај, и ко си дојде времето, се разболе и ни вели:

- Тогај се вртив, ама сега ме побарáја, сега ќе одам. ***Кажувајте шо да кажувам таму!.... А тогај ме вратúја - непознати луѓе ме вратúја назад.”***[17]

***Обредно време***

Еден од значајните услови за воспоставување успешен контакт со светот на мртвите претставува ***времето*** избрано за тоа. Структурата на митското однесување на луѓето определила строго утврдени правила за тоа кога можат да се остварат тие контакти. Имено, додека мртовецот врви низ обредниот циклус од една година, освен можностите за често посетување од страна на блиските, утврдено е тој да се посетува и притоа да се воспоставуваат комуникациски односи, почнувајќи од третиот, седмиот, деветтиот, дваесет и првиот ден, четириесеттиот ден, половина година и година. Тоа се обредни моменти кога световите на мртвите и живите се доближуваат, при што, често пати на обредните трпези во чест на умрениот се остава празен простор и за него, се издвојува храна и за него, верувајќи дека и тој е присутен меѓу живите. Најзначаен обреден момент на средба и разделба со душата на умрениот е 40-тиот ден, кога, според верувањата на луѓето, душата конечно го напушта нашиот свет, упатувајќи се на далечно патување до светот на мртвите, кое треба да заврши со завршувањето на обредниот циклус во текот на една година. Многубројни се информациите кои зборуваат за заминувањето на душата од светот на живите, при што во некои поархаични форми на обредноста поврзана со овој момент, во Мариово на пример, во чашата или шишето со вино што стои на гробот во моментот на пеењето на попот, се обидувале да го видат мртвиот, поточно неговата душа како се упатува кон светот на мртвите.

*Празници*

Во годишниот обреден циклус, особено за мртвите за кои се знае дека веќе се интегрирани во заедницата на умрените, можностите за контактирање со нив се дадени за време на празниците, посебно за време на големите ***празници посветени на мртвите. Мртвените дни*** се распоредени во текот на целата календарска година започнувајќи од Покладните - сиропосните, преку Дуовденските и Митровденските и претставуваат најзначајни моменти за обредно комуницирање со мртвите. Од сите, најзначајни се Дуовденските, пришто, заедницата на живите не само што им испраќа богати дарови и прехранбени продукти за нив низ раздавањето, туку очекува во текот на ноќта најголемиот број на мртвите, пред самото вознесување, да се појават на гробиштата.

[16] АИСК, Инв.бр. К-52/1995. Снимено во 1995 година во Мариово, Македонија.
[17] АИСК, Инв.бр. К-52/1995. Снимено во 1995 година во Мариово, Македонија.

"Велат, да не ти е страв, на Дуовден на гробиштата ноќта да појш умрените идéле и правеле:'Бууу, уууу' - бучéле. Ѓомити.

Една жена... велеше:

- Сметете убáво, оти ноќеска - ги видéла некоа жена - старите наши (умрените) наватéни сете, свекор ми напред - бабата Велика ги гледала умрените шо биле - играј, играј, играј. Свекор ми напред и друзите сете. Играј. Така сме слушале. Ни кажувале. ***Таја и како во сон ги гледáла."***[18]

Една од најзначајните постапки на Дуовден, по враќањето од црквата "молчечкум" да се отиде право на некој бунар за да се сретнат со умрените, да си ги видат блиските.

"Како во вода ги гледале, во бунарите ги гледале луѓето - тие да пиеле вода. Тогаш му носеме бардиња - даваме за душа. И некој од старите ќе отвореле бунар и ќе ги гледале така наредени околу водата. ***Тие шо ги познаваат - ќе си ги познáат родитéлите, дека така по водата дошле, оти утре ќе му се дава барде на тој човек, со вода да биде."***[19]

***Обреден простор***

Просторот низ или преку којшто треба да се одвива комуникацијата меѓу светот на живите и светот на мртвите е исто така определувачки, исполнет со силна симболика и значења што произлегуваат од тоа. Иако, во традицијата постои утврден простор соодветен за воспоставување на контакти со мртвите, со хтонските сили, сепак во обредниот циклус, после настапувањето на смрт на некој член од заедницата, тој често се менува и тоа во насока на оддалечување од домашните рамки, од куќата. Имено, првите денови после смртта главните обредни делувања поврзани со остварување на контакти со душата на умрениот поврзани се сé уште со куќата и куќниот простор. (Три ноќи на местото каде што лежел мртовецот се остава вино, вода и брашно со цел да се види "за што копнее мртовецот"- што посакува).

Еден значаен дел од обредноста што на симболично - комуникативно ниво јасно укажува воспоставување на директна врска со светот на мртвите предци е обредноста сврзана со домашните култови, а лоцирана околу ***огништето и куќниот праг.*** Тоа се огледа низ обредноста поврзана како со животниот сиклус на луѓето, така и со календарната обредност. (Обредно залулување на новороденчето над огништето, обредно поклонување на невестата на огништето, чување на огнот во огништето во случај на смрт, обредна пракса за Божиќните празници околу огништето; Куќната змија или смок - заштитник и чувар живее во огништето или под куќниот праг; Пренесување на новороденчето и невестата преку прагот, преминување на куќниот праг со десна нога, оставање на умрениот на куќниот праг при изнесувањето од куќата и сл.)

---

[18] АИСК, Инв. бр. К-44/1995. Снимено во 1995 година во Прилеп, Македонија.

[19] АИСК, Инв.бр. К-46/1995. Снимено во 1995 година во Мариово, Македонија.

*Гроб и гробишта*

Од моментот на погребувањето на покојниот, најголемиот дел од обредноста се пренесува во просторот на гробиштата односно гробот. Гробот станува дом, ***вечен дом на мртовецот.*** Поврзано со претставите на луѓето дека гробот го означува местото каде што почива мртвиот, претставен како дом, односно куќа на покојниот. Овие претстави особено се очигледни како според видовите на гробови и надгробни споменици што наликуваат на куќи, така и според честата употреба на терминот “твој’та куќа”, “вечна куќа”, “грда куќа”, што особено е честа при тажењето.

“Добро утро / Бог помагал,
добро утро на ***твојта куќа***,
твојта куќа е многу грда,
твојта куќа ногу е темна,
нема џам, нема врата...”[20]

Гробот е место што претставува единствен простор каде што може да се посети мртовецот, да се разговара со него, да се биде во подолготраен контакт низ тажењата, простор каде што може да се извршат значајните трансакции со храна, дарови и други вредна меѓу живите и мртвите и обратно низ процесот на обредните раздавања.

[20] АИСК, Инв.бр. К-46/1995. Снимено во 1995 година во Мариово, Македонија.

# Mythical Presentations of the World of the Dead in the Traditional Culture in Macedonia

*Ljupčo S. Risteski*

Mythical presentations about the existence of two autonomous, different and opposing realities, this world and that world - the first of which is always marked as "ours" and human, and the second one as a strange and a distant world, a world of demoniac creatures - are the most important and the most defining categories for all structuring and functioning of the traditional cultures.

Although the differences and the distances between them are great, and almost unbridgeable, inter-communication is not impossible. However, a number of ritual prerequisite conditions must be fulfilled in advance in order to realize the communicational relationships between the two different realities that exist continuously. The focus of interest on this occasion will be the investigation of that "other" reality , of that world and one of its segments: ***the world of the dead - the community of the dead ancestors*** - which, according to its importance for the traditional cultures, always has priority.

***Do all dead members reach the world of the dead?***

After the death of a member of the social community, he is no longer an equal member of the community of the living, and he is in a special state which is marginal according to its characteristics. From that moment, ***the lately deceased person*** becomes ***suspicious*** and all postmortal ceremonies and magic actions around him have only one unique purpose: the suspicious dead person must be led to the community of the dead members, in the world of the dead, for the period of one ceremonial year. This is how the dead person will become a ***clean, integrated ancestor, a protector of the community of the living persons.***

Unfulfillment of the ceremonial activities or use of inappropriate ceremonial - magic equipment and some mistakes by the ceremonial protagonists may lead to a failure of fulfillment or realization of the suspicious dead person in the world of the dead. Such dead persons and their souls, become ***dirty dead persons*** being left on the margins between the world of the living persons and the world of the dead persons often ruining the usual relationships among the living persons.

This is why the most important thing, when the dead person is being sent on his way, is to undertake a full ceremonial - magic activity in the real time with real ceremonial equipment and real ceremonial protagonists.

***What does it look like and where is the world of the dead?***

One of the most important mythical categories about the world of the dead persons which appears in all variants of presentations is the ***distance.*** It is always big because the world of the dead persons is "over all seas", "in the end of the world", "over nine mountains and nine seas", "under the ground", "in the sky". Especially important for the distance of the mythical code is the fact that it is presented not only spatially but also symbolically.

But what separates these two realities: the world of the living and the world of the dead, is ***the limit*** which is always very clearly represented, almost unbridgeable, but not insurmountable. The communication between the worlds is not only possible but it is also necessary as a mutual link. Necessities and interdependence make these two worlds ***close.*** The closeness does not mean intercontamination of the worlds but their temporal destruction and bringing closer of the symbolic spaces through the strictly defined medium of ceremonial - magic actions.

According to the data presented here, we can conclude that the folk point of view of the Macedonians about the structure of the mythical World, like those of many other nations, has a ***tripartite structure: Upper Land, Under Land and Middle Land.*** The world of the dead persons is most often located in the Under Land according to the above mentioned cultural and historical interlacing. But, the empire of the dead, especially that of the souls, is in the Upper Land, with God. Having in mind the folk presentations, symbolism, characteristics and functions of the Upper and the Under Land, many mythic codes show their closeness and connection which clearly differentiate both of them from the Middle Land - the human one.

There is another important mythic code about the world of the dead - ***undifferentiation.***

The mythic code of ***immortality*** is another characteristic of the world of the dead persons.

Believing that ***an eternal darkness*** governs in the world of the dead, in the traditional culture of Macedonians it is a practice to ceremonially take out the seriously sick people in order "to say good bye to the white brightness", as the most important opposition to what is waiting for them after their death.

To establish any kind of relationship with the world of the dead persons, it is necessary to create a number of ceremonial conditions and it is also most important that the ceremonial protagonist be put into a special state. This state gets the person out of what is profane and places him there in the state of marginality, on the limit between the living persons and the dead persons. This means a built system of action in which there must be all the necessary elements for it to function successfully. When I say this, I have in mind:

- ***Ceremonial protagonists - "mesarija, mesarka"*** -the persons who prepare the ritual breads and the food for the people who have come to the funeral, ***"vodarka, polevarka"*** - the person who brings water to pour on the grave, close relatives and friends of the dead person;

- ***Ceremonial states and behavior*** - we think of the ceremonial delivering of food and clothes, organization of the ceremonial dining table, mourning as a particular state of communication between the Worlds; dreaming.

- ***Ceremonial time - on holidays;***

- ***Ceremonial space*** - a grave, a graveyard, the house and the space of the house which has a mythic character - a fire-place, a door-step.